**Стоматолошки факултет-Скопје**
ул. Мајка Тереза бр.43, 1000 Скопје
www.stomfak.ukim.edu.mk

# ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО ПО ПРИВАТНОСТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ШТО СЕ ОБРАБОТУВААТ ОД СТРАНА НА КОНТРОЛОРОТ
**Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје - Стоматолошки факултет – Скопје**

Февруари 2022 година

## I ФАЗА - ДЕФИНИРАЊЕ НА КОНТЕКСТОТ

### 1. Опис на предвидени операции на обработка и цели на обработката

***Субјекти на лични податоци;***

1. Вработените кај Контролорот:

- Физички лица кои се директно вработени од страна на Контролорот;
- Физички лица кои се вработени кај Контролорот врз основа на договор за дело (професори, стручни соработници, предавачи, афирмирани научници, специјалисти, експерти и сл.).

2. Физички лица – студенти и кандидати за запишување кај Контролорот:

- кандидати пријавени за упис на прв, втор и трет циклус кај Контролорот;
- запишани студенти на прв, втор и трет циклус студии;
- завршени студенти на прв, втор и трет циклус кај Контролорот.

3. Физички лица – доктори на стоматологија и доктори по дентална медицина како кандидати за запишување на специјализација кај Контролорот согласно Законот за здравствена заштита:

- кандидати пријавени за упис на специјализација кај Контролорот;
- запишани специјализанти кај Контролорот;
- завршени специјалисти кај Контролорот.

4. Коминтенти на Контролорот

- Физички лица што ја посетуваат регистрираната веб страна на Контролорот www.stomfak.ukim.edu.mk; и
- Физички лица што Контролорот ги ангажира за цели на изведување фундаментални, развојни и применети истражувања и континуирано подобрување на квалитетот и релевантноста на наставата и учењето.

***Каков вид на лични податоци ќе се собираат и за кои субјекти?***

**1.Вработените кај Контролорот[1]**

**1.1 Физички лица кои се директно вработени од страна на Контролорот;**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Презиме: | Да |
| 2. | Име на родител: | Да |
| 3. | Име: | Да |
| 4. | Моминско презиме | |
| 5. | Матичен број: | Да |
| 6. | Број на лична карта: | Да |
| 7. | Датум на раѓање: | Да |
| 8. | Место/Општина и држава на раѓање: | Да |

[1] Информациите дадени тука, се севкупно сите видови на податоци што софтверите за финансии (софтвер за персонална евиденција како и софтвер за пресметка на плата) и софтверот за евиденција на работно време, со којшто Контролорот оперира, може да ги прибере за вработените на Контролорот. Тоа не значи дека Контролорот постојано и во реално време истовремено за сите свои вработени ги прибира сите податоци дадени тука.

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Адреса на живеење, место и општина: | Да |
| 10. | Домашен телефон: | Да |
| 11. | Службен и приватен телефон: | Да |
| 12. | Е-маил приватен и службен: | Да |
| 13. | Националност и државјанство: | Да |
| 14. | Број на здравствена легитимација | Да |
| 15. | Подрачна единица на ФЗО | Да |
| 16. | Трансакциска сметка и депонент банка: | Да |
| 17. | Број на возачка дозвола: | Да |
| 18. | Крвна група и податок дали вработениот е крводарител | Не |
| 19. | Стекнато образование | Да |
| 20. | Вештини и стручни квалификации | Да |
| 21. | Податоци за вработување (датум на вработување, вид на работен однос, број на работна книшка, работно искуство и бенефициран стаж) | Да |
| 22. | Податоци за работно место (позиција, месечна плата, минат труд) | Да |
| 23. | Семејна состојба (брачен статус, деца, родители, самохран родител) | Не |

**1.2 Физички лица кои се вработени кај Контролорот врз основа на договор за дело (професори, стручни соработници, предавачи, афирмирани научници, специјалисти, експерти и сл.);**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Презиме: | Да |
| 2. | Име на родител: | Да |
| 3. | Име: | Да |
| 4. | Моминско презиме | Да |
| 5. | Матичен број: | Да |
| 6. | Број на лична карта: | Да |
| 7. | Датум на раѓање: | Да |
| 8. | Место/Општина и држава на раѓање: | Да |
| 9. | Адреса на живеење, место и општина: | Да |
| 10. | Домашен телефон: | Да |
| 11. | Службен и приватен телефон: | Да |
| 12. | Е-маил приватен и службен: | Да |
| 13. | Националност и државјанство: | Да |
| 14. | Број на здравствена легитимација и санитарна книшка | Не |
| 15. | Подрачна единица на ФЗО | Да |
| 16. | Трансакциска сметка и депонент банка: | Да |
| 17. | Број на возачка дозвола: | Не |
| 18. | Крвна група и податок дали вработениот е крводарител | Не |
| 19. | Стекнато образование | Да |
| 20. | Вештини и стручни квалификации | Да |

21. Податоци за вработување (датум на вработување, вид на работен однос, број на работна книшка, работно искуство и бенефициран стаж) Да
22. Податоци за работно место (позиција, наставно-научно/научно/соработничко звање) Да
23. Семејна состојба (брачен статус, деца, родители, самохран родител) Не

**2. Физички лица – студенти и кандидати за запишување кај Контролорот[2]**

**2.1 Кандидати пријавени за упис на прв, втор и трет циклус кај Контролорот;**

1. Презиме Да
2. Име на родител Да
3. Име Да
4. Моминско презиме Да
5. Матичен број Да
6. Број на лична карта Да
7. Датум на раѓање Да
8. Место/Општина и држава на раѓање: Да
9. Адреса на живеење, Да

[2] Информациите дадени тука, се севкупно сите видови на податоци што софтверот за компјутерско полагање на испити и софтверот за студентски сервиси iKnow, со којшто Контролорот оперира, може да ги прибере за студентите и/или кандидатите за запишување кај Контролорот. Тоа не значи дека Контролорот постојано и во реално време истовремено за сите свои студенти и/или кандидати за запишување ги прибира сите податоци дадени тука.

место и општина:
10. Домашен телефон: Да
11. Приватен телефон: Да
12. Е-маил: Да
13. Националност и
државјанство: Да
14. Трансакциска сметка
и депонент банка: Не
15. Стекнато образование: Да

**2.2. Запишани студенти на прв, втор и трет циклус студии;**

1. Презиме Да
2. Име на родител Да
3. Име Да
4. Моминско презиме Да
5. Матичен број Да
6. Број на лична карта Да
7. Пол Да
8. Датум на раѓање Да
9. Место/Општина и Да
држава на раѓање:
10. Адреса на живеење, Да
место и општина:
11. Домашен телефон: Да
12. Приватен телефон: Да
13. Е-маил: Да
14. Националност и
државјанство: Да
15. Трансакциска сметка
и депонент банка: Да
16. Стекнато образование: Да
17. Вештини и

стручни квалификации: Да
18. Начин на студирање: Да
19. Податоци за
положени испити: Да
20. Напредување/
завршување на студиите: Да
21. Година на студирање: Да
22. Студиска година на
прв упис: Да
23. Датум на испит: Да
24. Податоци за полагање
на испит/оцена: Да

**2.3. Завршени студенти на прв, втор и трет циклус кај Контролорот**

1. Презиме Да
2. Име на родител Да
3. Име Да
4. Моминско презиме Да
5.Матичен број Да
6. Број на лична карта Да
7. Пол Да
8. Датум на раѓање Да
9. Место/Општина и Да
држава на раѓање:
10. Адреса на живеење, Да
место и општина:
11. Домашен телефон: Да
12. Приватен телефон: Да
13. Е-маил: Да
14. Националност и
државјанство: Да
15. Трансакциска сметка

и депонент банка: Не
16. Стекнато образование: Да
17. Вештини и
стручни квалификации: Да
18. Начин на студирање: Да
19. Податоци за
положени испити: Да
20. Напредување/
завршување на студиите: Да
21. Година на студирање: Да
22. Студиска година на
прв упис: Да
23. Датум на испит: Да
24. Податоци за полагање
на испит/оцена: Да

**3. Физички лица – доктори на стоматологија и доктори по дентална медицина како кандидати за запишување на специјализација кај Контролорот согласно Законот за здравствена заштита[3]**

**3.1 Кандидати пријавени за упис на специјализација кај Контролорот**

1. Презиме Да
2. Име на родител Да
3. Име Да
4. Моминско презиме Да
5. Матичен број Да
6. Број на лична карта Да
7. Датум на раѓање Да

---

[3] Информациите дадени тука, се севкупно сите видови на податоци што софтверот за компјутерско полагање на испити и софтверот за студентски сервиси iKnow, со којшто Контролорот оперира, може да ги прибере за докторите на стоматологија и докторите по дентална медицина како кандидати за запишување на специјализација кај Контролорот. Тоа не значи дека Контролорот постојано и во реално време истовремено ги прибира сите податоци дадени тука.

8. Место/Општина и држава на раѓање: Да
9. Адреса на живеење, место и општина: Да
10. Домашен телефон: Да
11. Приватен телефон: Да
12. Е-маил: Да
13. Националност и државјанство: Да
14. Трансакциска сметка и депонент банка: Не
15. Стекнато образование: Да

**3.2 Запишани специјализанти кај Контролорот**

1. Презиме Да
2. Име на родител Да
3. Име Да
4. Моминско презиме Да
5. Матичен број Да
6. Број на лична карта Да
7. Пол Да
8. Датум на раѓање Да
9. Место/Општина и држава на раѓање: Да
10. Адреса на живеење, место и општина: Да
11. Домашен телефон: Да
12. Приватен телефон: Да
13. Е-маил: Да
14. Националност и државјанство: Да
15. Трансакциска сметка и депонент банка: Да

16. Стекнато образование: Да
17. Вештини и
стручни квалификации: Да
18. Начин на студирање: Да
19. Податоци за
положени испити: Да
20. Напредување/
завршување на студиите: Да
21. Година на студирање: Да
22. Студиска година на
прв упис: Да
23. Датум на испит: Да
24. Податоци за полагање
на испит/оцена: Да

**3.3. Завршени специјалисти кај Контролорот**

1. Презиме Да
2. Име на родител Да
3. Име Да
4. Моминско презиме Да
5. Матичен број Да
6. Број на лична карта Да
7. Пол Да
8. Датум на раѓање Да
9. Место/Општина и Да
држава на раѓање:
10. Адреса на живеење, Да
место и општина:
11. Домашен телефон: Да
12. Приватен телефон: Да
13. Е-маил: Да
14. Националност и
државјанство: Да

15. Трансакциска сметка
и депонент банка: Не
16. Стекнато образование: Да
17. Вештини и
стручни квалификации: Да
18. Начин на студирање: Да
19. Податоци за
положени испити: Да
20. Напредување/
завршување на студиите: Да
21. Година на студирање: Да
22. Студиска година на
прв упис: Да
23. Датум на испит: Да
24. Податоци за полагање
на испит/оцена: Да

**4. Коминтенти на Контролорот**

**4.1 Физички лица што ја посетуваат регистрираната веб страна на Контролорот www.stomfak.ukim.edu.mk;**

| | |
|---|---|
| Име | Да |
| Презиме | Да |
| Е-маил адреса | Да |
| Телефон | Да |
| Колачиња од посетата на веб страните[4] | Да |

4 Регистрираната веб страна нуди опција на посетителите да дадат согласност за употреба на колачиња (*cookies*) заради користење на услугата *Google Analytics*, одредена количина на лични податоци од типот на ИП адреси и други параметри со помош на кои се создаваат статистички податоци за користењето на веб страната;

**4.2. Физички лица што Контролорот ги ангажира за цели на изведување фундаментални, развојни и применети истражувања и континуирано подобрување на квалитетот и релевантноста на наставата и учењето;**

| | |
|---|---|
| Име | Да |
| Презиме | Да |
| Матичен број | Да |
| Адреса на живеење | Да |
| Телефон | Да |
| Број на лична карта | Да |
| Трансакциска сметка и депонент банка | Да |
| Стекнато образование | Да |
| Вештини и стручни квалифкации | Да |

***Како се собираат податоците?***

Личните податоци за било кој субјект на личен податок се собираат автоматски, преку внесување на податоци во софтверската апликација што Контролорот ја користи согласно податоци добиени при вработување/ангажирање на одреден обработувач, во матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент (во материјална и електронска форма), во материјална и електронска форма при поднесување пријава на кандидати за упис на прв, втор и трет циклус, запишани студенти на прв, втор и трет циклус студии кај Контролорот, во материјална и електронска форма при поднесување пријава на кандидати за упис на специјализација кај Контролорот, запишани специјализанти кај Контролорот, посета на регистрираната веб страна на Контролорот.

**Внесување на податоци во софтверска апликација:**

| | |
|---|---|
| 1. За физичките лица кои се вработени директно од страна на Контролорот | Автоматски, со внесување на податоци во рамки на софтверска апликација. |

| | |
|---|---|
| 2.За физичките лица кои се вработени кај Контролорот врз основа на договор за дело | Автоматски, со внесување на податоци во рамки на софтверска апликација. |
| 3.За физичките лица студенти | Автоматски, со внесување во софтверот за компјутерско полагање на испити и софтверот за студентски сервиси iKnow, како и во матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. |
| 4.Физички лица што ја посетуваат регистрираната веб страна на Контролорот www.stomfak.ukim.edu.mk , како и социјалните мрежи на Контролорот | Автоматски, при посетување на домените за различни намени: www.stomfak.ukim.edu.mk, со цел запознавање и презентација на факултетот, внатрешна организација, наставно-научен кадар, студиски програми, научно-истражувачка дејност, публикации и при (евентуално) оставање на лични податоци заради пријавување испити од страна на студенти и останати барања, пишување на пофалба, поплака и сл.;<br><br>При давање на информации и податоци студиите, активностите, предавањата, презентациите, одбрана на трудови и сл. преку социјалните мрежи: Фејсбук профилот – Стоматолошки факултет-Скопје, Инстаграм профилот – Стоматолошки факултет-УКИМ, како и You tube каналот - Faculty of Dentistry - Skopje. |
| 5.Физички лица што Контролорот ги ангажира за цели на изведување фундаментални, развојни и применети истражувања и континуирано подобрување на квалитетот и релевантноста на наставата и учењето; | Автоматски, со внесување на податоци во рамки на софтверска апликација. |

**Внесување на податоци во матична книга на запишани студенти/специјализанти и главна книга на дипломирани студенти / специјалисти за секој студент и/или специјализант**

| | |
|---|---|
| 1. За физичките лица студенти | Со рачно внесување на податоци во матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти за секој студент при што содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование |
| **Видео надзор:** | Контролорот врши видео надзор во службените простории и пред влезот на Контролорот. Видео надзорот се врши заради заштита на сопственоста, контрола на влез/излез од службените простории на Контролорот, обезбедување на влезните врати на Контролорот. Пристап и увид во личните податоци преку системот за видео надзор има само овластено лице од страна на Контролорот. Контролорот со посебен правилник го уредува вршењето на видео надзор во деловните простории на Контролорот, како и техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци кои произлегуваат од вршењето на видео надзор. |
| **Веб страна:** | Контролорот применува технички и организациски мерки во однос на собирањето на лични податоци преку посета на неговата веб страна и тоа:<br>- има имплементирано криптографски протокол (SSL) при влез на неговата веб страна;<br>- Контролорот има донесено Политика за приватност во која што е вклучена и обработката на податоци (*cookies),* на начин што со кликнување на полето Поставки за колачиња, веб страната stomfak.ukim.edu.mk ве “води” на Политиката за приватност на Стоматолошки факултет-Скопје, пришто на таа страна посетителите имаат можност да дадат изрична грануларна согласност во поглед на обработката на колачиња (технички и маркетинг колачиња); |
| ***Како се одвива обработката на личните податоци и дали истата е потребна односно дали би можела активноста да се изврши на друг начин?*** | Обработката се одвива автоматски, со внесување на личните податоци при користење на лиценцираните софтвери за финансии (софтвер за персонална евиденција како и софтвер за пресметка на плата) и софтверот за евиденција на работно време, софтверот за компјутерско полагање на испити и софтверот за студентски сервиси iKnow, како и со внесување на личните податоци во матична книга на запишани студенти/специјализанти и главна книга на дополмирани студенти/специјалисти и досие за секој студент/специјализант |

| | | |
|---|---|---|
| | Внесување на податоци во софтверска апликација: | Неопходна, заради функционирање на секторот Човечки ресурси и заради остварување на дејноста на високо образование на Контролорот; |
| | Посета на веб-страна: | Неопходна, заради обезбедување на техничките перформанси на веб страната при што Контролорот користи услуги од Google Analytics којшто собира податоци за колачиња и му ги доставува на Контролорот во анонимизирана форма. |
| ***За која цел се собираат/обработуваат личните податоци?*** | За конкретна, јасна и легитимна цел, идентификација на субјектот на лични податоци за времетраење на неговиот работен однос/ангажман кај Контролорот, односно заради исполнување на договорот за вработување/договорот за дело/за деловна соработка, за времетраење на неговото судирање на прв, втор и трет циклус на студии кај Контролорот, за времетраење на неговите специјалистички студии, а заради остварување на основните цели на високото образование. | |
| ***Колку долго ќе се складираат личните податоци?*** | Рокот на чување на поодделни видови на лични податоци е законски определена и истиот е даден во рамки на Одлуката за утврдување на рокови за чување на лични податоци. | |
| ***Дали личните податоци се обработуваат врз основа на согласноста на субјектот на податоците?*** | Да, секој субјект на лични податоци има дадено изречна писмена согласност потпишувајќи соодветна изјава (Вработените кај Контролорот) односно има се има согласено со тоа дека неговите лични податоци ќе бидат предмет на обработка. Личните податоци на студентите, специјализантите се обработуваат во согласност и врз основа на Законот за високо образование. | |
| ***Дали личните податоци ќе се обработуваат при спроведување на договор со соодветните субјекти на податоците?*** | Да, ова е применливо за вработените кај Контролорот. | |
| ***Дали личните податоци се обработуваат согласно некој*** | Не | |

| | |
|---|---|
| ***друг основ предвиден во Законот за заштита на личните податоци?*** | |
| ***Каде се складираат личните податоци откако тие се собрани од субјектите на лични податоци?*** | Личните податоци се собираат во рамки на софтвери за финансии (софтвер за персонална евиденција како и софтвер за пресметка на плата) и софтверот за евиденција на работно време, софтверот за компјутерско полагање на испити и софтверот за студентски сервиси iKnow, како и со внесување на личните податоци во матична книга на запишани студенти и главна книга на дополмирани студенти и досие за секој студент и се чуваат на сервери коишто територијално се наоѓаат во рамки на Република Северна Македонија. |
| ***Кој ќе има пристап до личните податоци? (за сите збирки на лични податоци)*** | Само овластени лица, вработени кај Контролорот. |
| ***Дали ќе се доставуваат известувања во однос на употребата и откривањето на личните податоци?*** | Да, доколку дојде до такви настани. |
| ***Дали личните податоци ќе се пренесуваат до друго лице, различно од Контролорот? Ако да, ве молиме наведете детали за тоа лице и кои се целите на таквата обработка?*** | Не, личните податоци не се пренесуваат на трети лица, освен доколку истото е побарано од страна на орган на државна власт/државен орган (согласно закон се пренесуваат во ресорни институции Министерство за образование, Стоматолошка комора и сл. заради водење на соодветни регистри) |
| ***Дали личните податоци ќе се пренесуваат до било кои држави или ќе се овозможи пристап до лица надвор од Европската економска област?*** | Не, ниту еден личен податок, наведен во било која од збирките на лични податоци, воспоставени од страна на Контролорот, нема да биде предмет на пренос, во смисла на одредбите од Законот за заштита на личните податоци. |

| | |
|---|---|
| ***Дали е побарано мислење од Офицерот за заштита на личните податоци во однос на приватноста, заштитата на личните податоци и сигурносните ризици?*** | Да |
| ***Дали е побарано мислење на другите субјекти вклучени во процесот на обработка на личните податоци?*** | Не |
| ***Дали е потребно да се побара мислење од субјектите на лични податоци?*** | Не |
| ***Дали е побарано одобрение/дозвола од Агенцијата за заштита на лични податоци на РСМ при пренос на лични податоци во земји членки на ЕУ/ЕЕА, односно земји коишто не се членки на ЕУ/ЕЕА?*** | Не, затоа што Контролорот не врши пренос на лични податоци во смисла на одредбите од Законот за заштита на личните податоци. |
| ***Доколку се јави како потреба дали ќе се консултирате со Агенцијата за заштита на лични податоци на РСМ?*** | Да |

**2. Проценка на потреба и пропорционалноста на потребата-одредување на мерките предвидени за усогласеност со прописите за заштита на личните податоци**

**Мерки што придонесуваат за правата на субјектите на личните податоци:**

| | | |
|---|---|---|
| 2 | *информации доставени на субјектот на лични податоци;* | Да, доставени се соодветните информации согласно Процедурата за пристап на субјектот чии лични податоци се обработуваат; |
| 3 | *право на пристап и преносливост на податоци;* | Соодветни обрасци на вакви барања се дадени како прилог кон Процедурата за пристап на субјектот чии лични податоци се обработуваат; |
| 4 | *право на исправка и бришење;* | Соодветни обрасци на вакви барања се дадени како прилог кон Процедурата за пристап на субјектот чии лични податоци се обработуваат; |
| 5 | *право на приговор и ограничување на обработката;* | Соодветни обрасци на вакви барања се дадени како прилог кон Процедурата за пристап на субјектот чии лични податоци се обработуваат; |
| 6 | *Заштитни мерки кои се однесуваат на преносот;* | Посебни мерки не се побарани бидејќи ниту еден личен податок, наведен во било која од збирките на лични податоци, воспоставени од страна на Контролорот, нема да биде предмет на пренос, во смисла на одредбите од Законот за заштита на личните податоци . |

**II ФАЗА-АНАЛИЗА НА РИЗИК**

**Проценка на ризици за права и слободи на субјектот на лични податоци:**

- **Овој дел од проценката опфаќа идентификување на заканите (несакани исходи) и одредување на веројатност и влијание (последица) од остварување на *секој ризик*[5].**
- **Проценка на извор, природа, особеност и сериозноста на ризикот или подетално за секој ризик (неовластен пристап, несакани промени и исчезнати податоци) од аспект на субјект на лични податоци**

| | |
|---|---|
| ***Согласно сето погоре наведено, дали и кои конкретни проблеми се идентификувани во однос на приватноста или заштитата на личните податоци?*** | Стоматолошки факултет-Скопје има инсталирано солиден систем за заштита на личните податоци преку примена на соодветни технички и организациски мерки за да обезбеди соодветно ниво на безбедност соодветно на ризикот што произлегува од следново:<br><br>- во досегашното функционирање на Стоматолошки факултет-Скопје како контролор на лични податоци, а согласно дадените информации, не се забележани настани на нарушување на безбедноста на личните податоци (инциденти, губење или кражба на податоци и сл.);<br>- следствено, субјектите на лични податоци, досега немале настани каде што биле оневозможени да ги остварат своите права што им следуваат по закон (пристап и увид во податоците што се обработуваат, право да поднесат барање да се престане со обработката, односно да се изменат/избришат податоците и сл.), губење на контрола врз употребата на личните податоци, дискриминација, кражба или измама, финансиска загуба, губење на довербата, било каков друг проблем поврзан со безбедноста при обработката на нивните лични податоци.<br><br>Со што може да се заклучи дека потенцијалното влијание на ризиците врз физичките лица, како и потенцијалното настанување на штета што би можела да настане од обработката на нивните лични податоци (независно од фактот дали е физичка, нематеријална и/или материјална) е минимално. |
| ***Дали и кои конкретни штети можат да донесат ваквите ризици за субјектите на лични податоци?*** | Не се идентификувани конкретни штети што можат да настанат во однос на правата и интересите на субјектите на лични податоци. |

---

[5] Ризикот=(веројатност да се случи закана) x (степен на влијанието); (а.) НИСКО ВЛИЈАНИЕ – физичките лица можат да се соочат со неколку помали непријатности коишто ќе ги надминат без проблем; (б.) СРЕДНО ВЛИЈАНИЕ - физичките лица можат да се соочат со значителни непријатности коишто ќе можат да ги надминат, и покрај одредени тешкотии; (в.) ВИСОКО ВЛИЈАНИЕ – физичките лица можат да се соочат со значителни последици коишто би требало да можат да ги надминат, но со сериозни потешкотии; (г.) МНОГУ ВИСОКО ВЛИЈАНИЕ – физичките лица можат да се соочат со значителни па дури и неповратни последици коишто најверојатно нема да можат да ги надминат;

| | |
|---|---|
| ***Дали постои конкретен ризик по усогласеноста?*** | Не постои таков ризик. |
| ***Какви мерки ќе се применат за сигурноста и заштитата на личните податоци во однос на сите ризици кои се идентификувани погоре?*** | / |
| ***Дали применетите мерки целосно ќе го елиминираат ризикот или само ќе го намалат?*** | / |
| ***Земајќи ги во предвид идентификуваните ризици и предложените решенија за ублажување на ваквите ризици, дали конечното влијание на ризиците по приватноста на субјектите на податоците се смета како прифатливо во однос на целите на обработката?*** | / |

**III ФАЗА-УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК**

**Овој дел од проценката ги опфаќа долунаведените под-фази:**

- **Список на процеси со кои се врши обработката на лични податоци преку целосно/делумно автоматизирана обработка на лични податоци или друга обработка:**

| | |
|---|---|
| ***Информација за хардверот користен за обработка на личните податоци:*** | (сервери, лап-топи, хард дискови и други медиуми) |
| ***Информација софтверот користен за обработка на личните податоци:*** | Софтвер за финансии (софтвер за персонална евиденција како и софтвер за пресметка на плата) и софтверот за евиденција на работно време, софтверот за компјутерско полагање на испити и софтверот за студентски сервиси I know и I learn на ниво на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје. |
| ***Информација за комуникациски канали користен за обработка на личните податоци:*** | (оптички кабли, интернет, безжична мрежна технологија) |
| ***Дали за обработката на личните податоци се изготвуваат документи во хартиена форма?*** | Да, но истите се уништуваат по исполнување на целта заради која што и биле испечатени. |

- **Процена на ризици за секој процес на обработка на личните податоци дадени погоре:**

Согласно анализата на ризици, дадена погоре, во досегашното работење на Стоматолошки факултет-Скопје како Контролор на лични податоци не се идентификувани проблеми поврзани со неовластен пристап, несакани промени и исчезнати податоци, како што секое вработено лице кај Контролорот има свое корисничко име за најавување во софтверската апликација, секој студент и/или наставник има свое корисничко име и лозинка за најавување во софтврската апликација, а дополнително се прават сигурносни резервни копии од податоците. Дополнително, во поглед  на работењето со софтверските апликации, секое вработено и овластено лице има лимитиран пристап во поглед на своите овластувања.

Во врска со обработката на личните податоци добиени по пат на видео надзор (физички и физиолошки изглед на вработените), Контролорот обработува биометриски податоци во смисла на единствена идентификација на физичко лице, до кои пристап се одобрува и овозможува исклучиво по претходно писмено одобрување од страна на Контролорот и исклучиво врз основа на писмено барање од државен орган/орган на државна власт.

| | |
|---|---|
| ***Утврдување на потенцијални влијанија и ефекти врз правата и слободите на физичките лица како што се:***<br>○ ***Неовластен пристап до личните податоци;***<br>○ ***Непосакувани промени на личните податоци;***<br>○ ***Привремена или целосна недостапност на личните податоци;*** | Согласно анализата и процената на ризици, не се утврдени потенцијални штетни влијанија и ефекти врз правата и слободите на физичките лица (неовластен пристап, непосакувани промени, привремена или целосна недостапност на личните податоци).<br><br>Сепак при појава на било какво нарушување на безбедноста на личните податоци (случајно/незаконско уништување, губење, менување, неовластено откривање или пристап до личните податоци што се пренесуваат, чуваат или на друг начин се обработуваат), Контролорот е должен во рок од 72 часа откако дознал за нарушувањето, да ја извести Агенцијата за заштита на лични податоци, а доколку постои ризик, таквото нарушување да предизвика висок ризик по правата и слободите на физичките лица, Контролорот го известува и субјектот на личните податоци. |
| ***Идентификување на извор на ризик којшто може да биде причина за секој непосакуван настан?*** | Изворите на ризик би можеле да се поделат на :<br>**внатрешни извори**: администратор на информациски систем, овластено лице, конкурент на Контролорот; **надворешни извори**: вода, пожар, поплава, вирус, итн. |
| ***Идентификување на можни закани кои би можеле да се случат преку медиуми од кои зависат личните податоци?***<br>○ ***Употреба на хардвер, софтвер, комуникациски канал, документ во хартиена форма на несоодветен начин;*** | Не се идентификувани такви закани. |

- ***Инсталирање на заразен/злонамерен софтвер;***

- ***Настан на губење на лични податоци (кражба на лап-топ, губење на ЦД, УСБ и сл);***

- ***Преоптоварени медиуми (во смисла на недостиг на простор за зачувување на личните податоци)***

- **Утврдување на постојни или планирани мерки што овозможуваат решавање на секој ризик (да се наведат конкретни детали околу спроведување на долунаведените мерки)**

| | |
|---|---|
| ***Контрола на пристап*** | Соодветните мерки се дадени во рамки на Правилникот за начинот на пристап до просторијата во која се чуваат серверите; |
| ***Правење на сигурносни копии*** | Соодветните мерки се дадени во рамки на Правилникот за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачувани лични податоци; |
| ***Безбедност на просториите*** | Соодветните мерки се дадени во рамки на Правилникот за начинот на пристап до просторијата во која се чуваат серверите; |
| ***Криптирање*** | Контролорот применува мерки на криптирање на лични податоци. |

- **Спроведување и проверка на планираните мерки од страна на Контролорот**

| | |
|---|---|
| ***Датум на спроведување и мислење за нивото на*** | Февруари, 2022 година |

***усогласеност со предвидените мерки***

- **Спроведување периодични безбедносни проверки од страна на Контролорот**

| | |
|---|---|
| ***Датум на спроведување на проверките и мислење за нивото на усогласеност со предвидените мерки*** | Јули, 2022 година |

**IV ФАЗА-РЕЗИМЕ/ЗАКЛУЧОК**

| | |
|---|---|
| ***Мислење на офицерот:*** | Информацискиот систем и информатичката инфраструктура на Контролорот, како и постапките и упатствата дадени во рамки на поодделни акти, содржани во документацијата усвоена од страна на Контролорот, се во сообразност со прописите за заштита на личните податоци.<br><br>Обработката на личните податоци согласно дадените збирки на Контролорот, како и согласно сите горенаведени елементи се врши по пат на почитување на Законот за заштита на личните податоци, односно за секоја обработка постои правен основ и со тоа е исполнето начелото на законитост.<br><br>Се собираат минимален обем на податоци коишто се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите.<br><br>Согласно применливите технички и организациски мерки, дадени како погоре, самата обработка не предизвикува висок ризик за правата и слободите на физичките лица, па следствено, според природата, обемот, контекстот и целите на обработката, Контролорот не обработува збирки на лични податоци со висок ризик |

| | |
|---|---|
| ***Мислење на субјекти на лични податоци (доколку било побарано):*** | / |
| ***Мислење на АЗЛП (доколку било побарано):*** | / |
| ***Дали оваа проценка ќе биде објавена јавно од страна на Контролорот, во целост/или како краток преглед/заклучок од проценката?*** | Не |

**Потпис на овластено лице кај Контролорот:**
**Проф.д-р Ќиро Ивановски с.р.**

**Потпис на Офицерот за заштита на личните податоци:**
**Елизабета Алексовска с.р.**